Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр 553/0306
02.12 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 ноември 2019 година, врз основа на примена жалба од Друштво за производство на текстилни производи, трговија и услуги „Комфи Ангел“ - Прилеп и управителот на Друштвото, Ирена Јакимовска, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**Интернет - порталот „Маркукуле“, со текстот насловен „Курир“: Протест во фабриката на Претседателката на Стопанската комора во Прилеп (Фото)“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 1 ноември 2019 година, адвокатската канцеларија „Марковска & Андреевски“-Скопје, во својство на полномошник на Друштвото за производство на текстилни производи, трговија и услуги „Комфи Ангел“ - Прилеп и управителот Ирена Јакимовска, поднесе жалба за текстот со наслов „Курир“: Протест во фабриката на Претседателката на Стопанската комора во Прилеп (Фото)“, објавен на 2 октомври 2019 година, на интернет-порталот „Маркукуле.мк“ (www.markukule.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи невистинити тврдења и понижувачки мислења со кои се навредува и омаловажува честа и угледот на правното лице „Комфи ангел“, како и на управителот Ирена Јакимовска. Подносителот на претставката забележува и дека медиумот објавил непотврдени информации во непримерен и навредувачки контекст и не обезбедил можност засегнатиот субјект да го каже својот став.

*„Фотографиите во текстот приложени како наводен аргумент за потврда на вистинитоста на содржината на објавениот текст воопшто не го потврдуваат и оправдуваат тврдењето наведено во текстот дека протестот бил поддржан од речиси сите вработени, бидејќи во правното лице „Комфи Ангел“ во моментот работат околу 800 работници“*, се посочува во претставката.

Од „Комфи Ангел“, меѓу другото, наведуваат дека од нивна страна бил направен обид за достава на барање за јавно извинување, но дека интернет-порталот „Маркукуле“ немал објавено адреса на која би можеле да го испратат барањето.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Маркукуле.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите е прекршен во членот 1, а со мнозинство гласови и во членот 13.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата на 28 ноември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст без автор и содржина која е преземена од друг медиум. Текстот, несомнено, произлегува од јавниот интерес, но новинарот не се потрудил да обезбеди целосна и проверена информација и да ги согледа сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Фокусот на текстот требало да биде самиот протест на вработените во фабриката во Прилеп и темата подобрување на работничките права воопшто. Наместо тоа, авторот поголемиот дел од содржината го ставил во политички контекст, со етикетирање на сопственикот на фабриката за блискост со актуелната власт.

Комисијата се согласи дека се работи за еднostран и необјективен новинарски производ. Ова уште повеќе што новинарот не го испочитувал основото новинарско правило да обезбеди став од сите засегнати во текстот, вклучително и од фабриката „Комфи Ангел“, каде што се одржал протестот. Со тоа новинарот ќе обезбедел поцелосен и поурамнотежен новинарски производ, наместо да смета дека е доволно само да ја пренесе информацијата и да го цитира медиумот, од каде што ја презел веста. И покрај фактот што текстот е преземен од друг медиум, сепак тоа не го ослободува од одговорност во врска со наводите во содржината.

Медиумите, меѓу другото, се одговорни и за искажаното во другите медиуми, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност и не ги ослободуваат од одговорност. Во такви случаи, новинарите се обврзани да ги проверат информациите колку што е можно повеќе, за да ја избегнат опасноста од манипулации и дезинформирање на јавноста.

Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека интернет - порталот „Маркукуле“ го прекршил **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во следнава реченица:

***„Причината за протестот била третата смена во фабриката. Според она што го велат вработените ноќната смена во фабриката започнува во 10 часот навечер во недела, а завршува во 6 часот наутро во понеделник со што на вработените им се***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***исплаќаат само 2 часа прекувремена работа за викенд наместо 8 каква што е реалната работа – додаваат од "Курир".***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, Комисијата утврди дека текстот изобилува со коментари и во него не се прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата. Ваквата отстапка особено е забележителна во следните две реченици:

***„За иронијата да е уште поголема фабриката е во сопственост на Ирена Јакимовска која е претседател на Стопнаската комора за Прилеп и важи за многу блиска до актуелната власт."***

***„Очигледно е дека Македонија нема проблем со недостаток на работна сила, туку работодавци кои не сакаат да им го исплатат на вработените во државата па тие мораат среќата да си ја бараат надвор од државата."***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Интернет – порталот „Маркукуле.мк" (www.markukule.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595